Врз основа на член 10 став 1 и став 6 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (пречистен текст) бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 18-та седница одржана на 16.05.2022 година, во врска со Предлогот бр.03-1798/3 од 13.05.2022 година за поведување прекршочна постапка против ТРД Г-ТВ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Гостивар за прекршување на член 92 став 1 од ЗААВМУ, го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

1. Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен контролен програмски надзор бр.10-1798/1 од 27.04.2022 година на ТРД Г-ТВ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Гостивар и утврди прекршување на член 92 став 1 од ЗААВМУ.

2. Советот заклучи против ТРД Г-ТВ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Гостивар да се покрене прекршочна постапка пред надлежниот суд бидејќи со надзорот е констатирано дека наведениот радиодифузер на 11 април 2022 година, не емитуваше најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела, што е спротивно на член 92 став 1 од ЗААВМУ.

3. Се задолжува Секторот за правни работи и јавни набавки да го изготви Барањето за поведување прекршочна постапка пред надлежниот суд за наведениот радиодифузер.

4. Примерок од Заклучокот да се достави до:

- Раководителите на сите сектори во Агенцијата,
- Назначено лице од Агенцијата, за водење на предмети по управна постапка,
- Одделение за поддршка на работата на Советот на Агенцијата,
- Секторот за информатичка поддршка и општи работи – архива на Агенцијата.

**Бр. 02-1980/4**

**16.05 2022 година**

**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**